1/

шони/H

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
Бр. 08-185/2
07-04. 2022 год.
Македонски Брод

Друштво за управување со пакување и отпад од пакување
ПАКОМАК ДОО
Бр. 03-3181
13.05. 2022 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР ЗА КОРИСТЕЊЕ НА САДОВИ ЗА СОБИРАЊЕ НА ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

Склучен во Скопје, на ден 07-04. 2022 година помеѓу договорните страни

**1.**Друштво за управување со пакување и отпад од пакување **ПАКОМАК ДОО Скопје**, со ЕДБ 4057010510526 и ЕМБС 6659845 и со седиште на ул.Партизански Одреди, Порта Влае блок 4 Скопје, застапувано од управителот Филип Ивановски (во понатамошниот текст- Давател на опремата), од една страна и

**2.Општина Македонски Брод,** со ЕМБС 6057608 ЕДБ МК 4018004103727 со седиште на ул. 7-ми Септември бр.4, 6530 М.Брод, застапувано од Градоначалникот Жарко Ристески (во понатамошниот текст -Корисник на опремата), од друга страна.

**Член 1**

Предмет на овој договор претставува регулирањето на правата и обврските на договорните страни во врска со користењето на садови за собирање на отпад од пакување, односно :

- **3 (три)** зелени пластични контејнери со зафатнина од 2 $m^3$ за собирање на стакло.

**Член 2**

ПАКОМАК ДОО Скопје, е сопственик на подвижните ствари односно специјализиранаата опрема за селективно собирање на отпад од пакување, утврдени во членот 1 на овој договор, кои согласно истиот ќе му бидат дадени на користење на корисникот на опремата и ќе бидат користени по однапред утврдени локации кај Корисникот на опремата.

## Член 3

Дavателот на опремата е должен да ги предаде на Корисникот на опремата подвижните ствари утврдени во чл.1 на овој договор и на истите да постави табли/налепници со логото на давател на опремата.
Доколку Корисникот на опремата ја напушти управувачкта шема на отпад од пакување со која управува ПАКОМАК ДОО, давателот на опремта го задржува правото да ја повлече опремата од локациите на примателот.
Доколку при контрола на опремата дадена на користење, извршена од страна на ПАКОМАК ДОО е констатирана ненаменска употреба на специјализираните садови, ПАКОМАК ДОО го задржува правото да ја повлече опремата од локациите на Корисникот на опремата утврдена во чл.1, веднаш.
Доколку подвижните ствари се оштетени и не можат да ја вршат функцијата за која се наменети, ПАКОМАК ДОО го задржува правото да ги наплати истите во вредност согласно износот добиен од извршена проценка на штета.
Корисникот на опремата се обврзува собраните количини на отпад од пакување, да ги евидентира само во управувачкиот систем со отпад од пакување на ПАКОМАК ДОО.
Корисникот на опремата се обврзува да ја евидентира реалната бројна состојба на специјализираната опрема дадена на користење од страна на ПАКОМАК во соодветна годишна пописна листа на крајот на календарската година и истата да биде доставена до ПАКОМАК ДОО.

## Член 4

За подвижните ствари, утврдени во член 1 на овој договор, корисникот на опремата е согласен да потпише потврда за прием (испратница) на подвижните ствари и истата да му ја предаде на давателот на опремата.
Овој Договор се склучува за времетраење од 1(една) година од денот на потпишувањето на истиот.
На датумот на доспевање на користење на дадените садови важноста на договорот автоматски се продолжува и тоа за рок дефиниран во Член 4 од Договорот. Периодот на користење автоматски се продолжува доколку, најдоцна во рок од 3 (три) работни дена пред датумот на истекување на важноста на Договорот, ниту една од договорните страни не побара негово раскинување.
Давателот на опремата и Корисникот на опремата може да го раскинат овој Договор и пред истекот на рокот за кој е склучен, со писмено известување испратено до Корисникот на опремата односно Давателот на опремата и тоа 15 дена пред раскинувањето.

**Член 5**

Сите евентуални спорови, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку тоа не е можно ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 6**

Можните измени настанати по склучување на овој договор, договорните страни ќе ги договараат спогодбено и писмено ќе ги приклучат кон овој договор со анекс-договор.

**Член 7**

За се што не е предвидено со овој договор, дооворните страни се согласни да важат одредбите од Законот за облигациони односи и другите важечки одредби од позитивното македонско право.

**Член 8**

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои 2 (два) за ПАКОМАК ДОО Скопје и 2 (два) за корисникот на опремата.

| ПАКОМАК ДОО Скопје | Градоначалник на Општина М.Брод |
| --- | --- |
| Филип Ивановски | Жарко Ристески |